РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12 - 419/2
03 -08- 2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител на продолжението на 50-тата седница одржано на ден 23.07.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од подносителот --------------------------- од -----------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-419/1 од 26.01.2021 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по увидот во содржината на пријавата и придружната документација утврди дека нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-419/1 од 26.01.2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-419/1 од 26.01.2021 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ------------------------ од ---------.

Пријавата е поднесена против Решение на Основното јавно обвинителство Прилеп и против Решение на Вишо јавно обвинителство Битола, врз основа на што подносителот истакнува барање за несовесно и неодговорно работење на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола и на јавниот обвинител при Основното јавно обвинителство Прилеп од причина што јавниот обвинител е должен да преземе кривично гонење ако постојат докази дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност.

Согласно наводите од пријавата, со горенаведеното решение на ОЈО Прилеп се отфрла кривична пријава од подносителот на пријавата кај ДКСК против вработен во Одделението за премер и катастар на работно место советник за правно катастарски работи во Прилеп, за кривични дела неизвршување на судска одлука од член 377 став 2 од КЗ, измама од член 247 став 1 од КЗ, посебни случаи на фалсификување на службена исправа од чл. 379 ст. 3 и злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 1 од КЗ. По изјавена жалба на ова решение поради суштествена повреда на одредбите од кривичната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и повреда на материјалното право, Вишото јавно обвинителство Битола донело решение со кое не ја уважува жалбата и го потврдува решението

на ОЈО Прилеп. Во продолжение на пријавата подносителот дава образложение за повредата на Законот за кривичната постапка и начелото на законитост од страна на обвинителите и во прилог ги доставува посочените решенија донесени од страна на двете обвинителства.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба по увидот во содржината на пријавата и прилог документацијата, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а предметот да се достави на надлежно постапување до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, согласно нивната надлежност утврдена во член 9 став 1 алинеи 4 и 7 од Законот за Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија да одлучува за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител и да постапува по претставки и поплаки на граѓани и правни лица за работата на јавните обвинители.

Имајќи го предвид горе наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**